# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Вторник 05.05.2020 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 03 - Година 2020** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2020 година;
2. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година;
4. Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година;
5. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година;
6. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово;
7. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2019 година;
8. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година;
9. Одлука за усогласување на намените на УДНМ за село Робово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 1855, КО Робово вон-село, по барање на Мијалков Ванчо од Робово;
10. Одлука за уплата на членарина на Здружение за рурален развој - Локална акциона група Малеш - Пијанец за 2020 година;

**11.** Одлука за усвојување на регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025;
**12.** Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година;
**13.** Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2020 година;
**14.** Заклучок по доставено барање од ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
**15.** Одлука за донесување на Урбанистички план за село Чифлико, општина Пехчево плански период 2016 – 2026 година;
**16.** Одлука за усвојување на Урбана ревизија на опшина Пехчево;

Бр. 09-534/1
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/2
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/15 и 167/2016), Советот на Општина Пехчево на дваесет и деветтата седница одржана на 05.05.2020 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2020 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2020 година на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМО ФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕА0КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 481230 Реконструкција на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| **ЈД0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 0 | 0 | -200.000 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година.

Бр.08-517/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/3
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2020 ГОДИНА

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести се донесува согласно член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник на Р.М. 66/2004; 139/2008 и 99/2009) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. 5/2002). Целта на ова програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на општина Пехчево.

Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки.

Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа Пехчево, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани.

За заштита на населението од заразни болести, во 2020 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење.
2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна.
3. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи.
4. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување.
5. Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини.
6. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

### 1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на квалитетот

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2020 година примарната грижа на Општина Пехчево ке биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини

на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

### 1.1. Водоснабдување од градскиот водовод Пехчево

Согласно Одлуката за комунален ред, организираното водоснабдување на населението во Пехчево, Чифлик и Умлена го врши КЈП "Комуналец" - Пехчево, преку Градскиот водовод - Пехчево. За таа цел во 2020 година КЈП "Комуналец" - Пехчево ќе се настојува да ги спроведе следните активности:

- заштита на "Пехчевска река" од можни загадувања;
- целосна преработка на суровата вода до вода за пиење;
- подобрување на мрежната инфраструктура;
- воведување на „скада систем" за контрола на протокот на водата и откривање на дефекти во мрежата и нелегални приклучоци
- дополнително стручно усовршување на одговорниот кадар за перманентен надзор, и одржување на системот;
- имплементација на ХАЦЦП системот за контрола на безбедноста на водата;
- редовен мониторинг на водата од градскиот водовод и локалните селски водоводи и информирање на корисниците за квалитетот на водата.

Основниот мониторинг и информирањето на корисниците за квалитетот на водата ќе го спроведува територијално надлежниот Центар за јавно здравје Кочани. Основниот мониторинг ќе се спроведува еднаш на 2 недели на 3 примероци вода, и тоа: по еден примерок од сурова и два примерока пречистена вода од водоводната мрежа.

Периодичните анализи ќе се вршат најмалку еднаш годишно, во Институт за јавно здравје Скопје.

### 1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Општина Пехчево, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, четири пати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата: Негрево, Црник и Панчарево.

Во секој резултат ќе стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање на објектите за вода, формирање на заштитни зони и превземање на други заштитни мерки или предупредување за користење на водата со претходно проврување.

На крајот од годината ќе се изготви годишна информација за состојбата со водоснабдувањето и процена на ризик.

## 2. Обезбедување санитарно-хигиенски услови во објекти за храна.

Во согласност со Законот за безбедност на храната. (Сл весник на РМ бр. 157/2010)., ЈЗУ ЦЈЗ Кочани ќе спроведува:

- консултантски услуги за воспоставување и примена на HACCP систем за контрола на безбедноста на храната;
- здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- превентивни ДДД мерки;
- лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и површини кои доагаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, работни маси за работа со храна).

**3. Обезбедување санитарно-технички и и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи**

**3.1.**За заштита на децата и учениците од цревни и други заразни заболувања, а особено од заразна жолтица, во 2020 година ќе продолжат редовните контроли на училишните и предучилишни установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје. Ќе се изврши детектирање на неусогласеност на санитарно - техничките и хигиенските услови во училиштата и ЈУДГ "7 Септември" – Пехчево. Во детската градинка ЈУДГ "7 Септември" – Пехчево, ќе се прават увиди два пати во текот на годината.(2x1000=2000ден.).

**3.2.** Следење на безбедност на храна во предучилишни установи. Со цел да се превенираат болестите поврзани со небезбедна храна ќе се врши лабораториска контола на храната и чистотата на објектите во кои се пригитвува храна за предучилишни деца. Активностите ќе се извршуваат согласно Правилникот за микробиолошка безбедност на храна и упатството изработено од ИЈЗ на РМ со земање и анализирање на вкупно 30 бриса годишно од градинката ЈУДГ "7 Септември" – Пехчево **(30 x 200 = 6000)** на територија на Општина Пехчево и 8 подготвени оброци **(8 x 1650 = 13 200)**.

Врз основа на теренските увиди и бактериолошките испитувања градинката ќе добие извештај за најдената состојба со предлог мерки за подобрување.

На крајот од годината Советот на Општина Пехчево ќе разгледа годишна информација за целокупната состојба и поединечните мерки за подобрување.

Извештаите од теренските увиди и контролата на санитацијата на градинката ќе послужи за аплицирање проекти и добивање средства за санирање на најдените недостатоци.

**4. Правилно и навремено *о*тстранување на цврст отпад и отпадни води**

Организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши КЈП "Комуналец" - Пехчево, во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина пехчево.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во депонијата.

Член 113 од законот за води (Сл весник на РМ 87/2008) и Директивата 91/271/EEC ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води и што произлегуваат од нивното подрачје.

Претпристапните фондови на ЕУ обезбедуваат средства за еколошки проекти даваат можност Општина Пехчево да проектира и изгради канализација во селата Чифлик, Негрево, Црник и Панчареово и пречистителна станица за отпадните води, како значаен услов одржлив развој и промовирање на општината како еколошко подрачје.

**5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи; во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообракај, канализации, депонии и друго.

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник 66/2004 -член 39 и член 43) овластени да вршат ДДД на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје.

**5.1. Превентивна дезинфекција**

Превентивната дезинфекција во предучилишните и училишни установи ќе се врши пред почетокот на школската година и пред почетокот на второто полугодие. Дезинфекцијата на Градскиот пазар ќе се врши во летниот и есенскиот период.

**5.2. Превентивна дезинсекција**

5.2.1. Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на НАССР мерките на претпазливост.

5.2.2. Како превентивна мерка за спречување на ширењето на западно нилска треска кое е сериозно заразно заболување , како и за заштита од пренесување на маларија и сведување на толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците се предлага да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот препарат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот на мај, средината на јули и август, со опфат од по 50 хектари, во населените места на општината. Доколку постои интерес може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

**5.3. Превентивна дератизација**

Општина Пехчево еднаш годишно ќе спроведе општа дератизација во неселените места и нивната околина (согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести).

5.3.1.Општата дератизација ке ја спроведе ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, во ноември 2020 година. Во спроведувањето на општа дератизација ке се опфатат градската канализација, канализацијата во село Умлена и депонијата за комунален отпад. Шахтите на канализации Ќе се третираат 150 канализациони шахти (120 во Пехчево и 30 во селата во Општината) со по 300 грама кумарински препарат (150 гр. кумарински блокови и 150 гр пелети). Во соработка со претставник на КЛП „Комуналец" Пехчево, се планира да се постават 50 кг. кумарински препарати, и тоа 36 кг во канализацијата на градот, 9 кг во канализацијата на с. Умлена и 5 кг. кумарински блокови за Депонијата за комунален цврст отпад. Средствата за ова намена ке ги обезбеди Општина Пехчево.

5.3.2. Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

**6. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување. Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје. Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

**Финансирање на Програмата од Буџетот на Општина Пехчево**

**1.2. Следење на безбедноста на водите за пиење од селските водоводи 24000**

- (12 Хемиски и бактериолошки анализи * 2000 ден = 24000 ден.)

**III. Надзор над детската градинка ЈОУДГ „7 СЕПТЕМВРИ"**

- Теренски увиди и изготвување на извештај ........... 2 000
- Следење на безбедност на храна во предучилишни установи.

Анализирање на вкупно 30 бриса годишно од градинкиата (30 Х 200 ден. = 6 000 ден.) на територија на Општина Пехчево и 8 подготвени оброци (8 х 1650 ден. = 13 200 ден.)

**5.2. Уништување на комарци**

**Три теристички третирања на комарци во населени места = 60 000 ден.**

**5.3 Опште дератизација на канализациите и депонијата 30 000**

- (45 кг препарат за канализации и 5 кг. За депонијата = 50 кг * 600 ден = 30 000 ден)

| Вид на активности | Цена |
|---|---:|
| Води за пиење | 24 000 |
| Хигиено – технички контроли (увиди) на предучилишни установи и изготвување на | 2 000 |

| | |
|---|---|
| извештаи | |
| Следење на безбедност на храна и чистотата на објектите во кои се пригитвува храна за предучилишни деца | 19 200 |
| Уништување на комарци во населени места | 60 000 |
| Дератизација на канализации и депонија | 30 000 |
| **ВКУПНО** | **135 200** |

Доколку се направи и авиодезинсекција која е 165.000 ден. целокупната програма за Општината ке изнесува 300.200ден.

Давањето услуги на Општина Пехчево ќе се регулира со посебен договор, склучен помеѓу Општината и ЈЗУ ЦЈЗ Кочани.

Бр.08-518/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/4
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година и годишниот финансиски извештај за 2019 година, кој е составен дел од годишниот извештај за работењето.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година и годишниот финансиски извештај за 2019 година, се составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-519/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-122/1
20.03 20 20 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 14 и член 16 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источниот плански регион бр.03-80/1 од 13.03.2009 година, а во врска со член 26-а став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), член 4 став 1 алинеја 15 и член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион, Советот за развој на Источниот плански регион на XIV-тата Седница одржана на ден 20.03.2020 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година

**член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година и Годишниот финансиски извештај за 2019 година, кој е составен дел на Годишниот Извештај за работењето.

**член 2**

Годишниот Извештај за работењето, заедно со Годишниот финансиски извештај на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година е составен дел на оваа Одлука.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Благој Бочварски

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-123/1
20.03 2020 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2019 ГОДИНА

Март 2020

Врз основа на член 26 – а став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18) и член 4 став 1 алинеја 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион поднесува:

Годишен извештај за работењето на
Центарот за развој на Источен плански регион
за 2019 година

ОПШТ ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно член 24 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип).

Центарот е регистриран на 26 мај 2008 година и започна со работа од 1 октомври 2008 година, по назначувањето на Раководител на Центарот.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 25 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15 и 64/18).

Седиштето на Центарот е во Општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители (Член 24 став 6 од Законот за рамномерен регионален) на ул. „Ванчо Прке“ број 119 кат 2, 2000 Штип, Тел: 032/386-408, 032/306-409, www.eastregion.mk.

## II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. *Раководител*

Раководител на Центарот за развој на Источен плански регион.

2.2 *Администрација*

А. Одделение за стратешки, развојни и стручно - технички прашања

- Раководител на одделение
- Координатор за регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти

Б. Одделение за нормативно - правни и финансиски прашања и други стручно административни и општи работи

- Раководител на одделение
- Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи
- Советник за административно-технички работи

Центарот во 2019 година има вкупно девет вработени. Шест се во редовен работен однос, еден раководител кој се избира на четири години, три координатори за регионален развој, еден координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи, еден советник за административно-технички работи и тројца вработени на проекти (на определено време) од кои еден координатор на проектот „Бизнис центар за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија", еден координатор кој работи на проектни активности поврзани со еко туризам на проектот „Програма за зачувување на природата во Северна Македонија - фаза 2" и еден координатор на проектот „Културен мост низ вековите".

Бројот на вработените по работни места е: Раководител – еден извршител (1), Координатор за регионален развој - тројца извршители (3), Координатор за нормативна дејност, јавни набавки, финансиски и општи работи - еден извршител (1), советник за административно-технички работи - еден извршител (1) и тројца координатори вработени на проекти - три извршители (3).

## III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

*3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион*

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

*3.2 Услуги за општо информирање*

- Интернет страна: www.eastregion.mk , www.investineastregion.mk;
- Facebook: Centre for Development of the East Planning Region;
- Поддршка на порталот: www.bregalnica-ncp.mk;
- Поддршка на порталот: www.cbc-green.com
- Поддршка на порталот www.osogovo.mk.

*3.3 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти*

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог - проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти.

*3.4 Обуки, работилници и услуги*

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој.

3.5 Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации.

*3.6 Лобирање*

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот.

*3.7 Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија*

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;
- Формирање дата база на податоци за евиденција на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал.

*3.8 Зајакнување на регионот како атрактивна дестинација за еко туризам*

- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и пошироко;
- Градење на капацитети на општините за потенцијалите од развојот на еко туризмот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот.

## АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2019 ГОДИНА

### I. Одобрени проекти, финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2018 година, Програма за регионален развој, реализирани во 2018-2019 година

1. Центарот за развој на Источен плански регион согласно надлежностите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој, на 15.12.2017 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти за финансирање. Сите 4 (четири) предлог-проекти беа позитивно оценети. Финансиски поддржани со Договор за реализација на проекти за 2018 со продолжен рок во 2019 година се проектите под број 1, 2 и 4.

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Со младите во заедничка зелена иднина" – изградба на детска градинка во населба Сењак, Општина Штип | Реализиран | 53.756.621,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Штип |
| 2. | „Збогатување на туристичката понуда со изградба на пешачки мост на река Брегалница во Делчево" | Реализиран | 7.515.472,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Делчево |
| 3. | Изработка на техничка документација за енергетски ефикасни објекти во Источен плански регион | Позитивно оценет | 3.700.000,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) |
| 4. | „Изградба на дел од ул. „1" во Индустриска зона „Чуката" Пехчево" | Реализиран | 3.643.504,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пехчево |

1.1. Проектот под реден број 4 беше финансиран од заштедените средства на Програмата за регионален развој за 2018 година. Во декември 2018 година одобрени се 3.297.071,00 денари за „Изградба на дел од Ул „1" во Индустриска зона „Чуката" Општина Пехчево" со дополнително кофинансирање од Општина Пехчево од 346.433,00 денари.

## II. Аплицирани и одобрени проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2019 година

1. Согласно барањето доставено од страна на Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог-проекти за развој на планските региони, за финансирање во 2019 година, Центарот за развој на Источен плански регион согласно надлежностите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој на 15.12.2018 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти, за реализација во 2019 со продолжителност во 2020 година.

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Збогатување на туристичка понуда со изградба, уредување и осветлување на пешачко-велосипедска патека на река Брегалница" Општина Берово | Реализиран | 7.200.155,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Берово |
| 2. | „Изградба на регионален туристичко-научен музеј за ретки минерали" Општина Пробиштип | Во фаза на реализација | 9.200.981,68 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пробиштип |
| 3. | „Заштита на животната средина преку изградба на систем за третман на отпадни води" Општина Чешиново-Облешево | Во фаза на реализација | 15.449.194,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) Општина Чешиново-Облешево |
| 4. | „Изградба на Етно парк - Зрновци - II фаза" Општина Зрновци | Во фаза на реализација | 3.652.100,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Зрновци |

2. Врз основа на известување од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог-проекти за развој на планските региони за финансирање во 2020 година, Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2019 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти, за реализација во 2020 година.

| **Ред. број** | **Назив на проектот** | **Статус на проектот** | **Потребни средства** | **Извор на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница" | Позитивно оценет | 19.959.085,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Виница |
| 2. | „Подобрување на условите за живот на населението во руралните средини во Источен плански регион - Изградба на водоснабдителен систем во село Моштица - Општина македонска Каменица (фаза 1)" | Одбиен | 32.758.220,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Македонска Каменица |
| 3. | „Подобра инфраструктура за подобри услови - Креирање на сообраќајно решение за надминување на сообраќајниот метеж во Источен плански регион" Општина Штип | Позитивно оценет | 17.696.392,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Штип |
| 4. | „Збогатување на туристичка понуда со партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади" Општина Пехчево | Позитивно оценет | 6.549.177,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пехчево |

Одобрени за финансирање се проектите под реден број 1,3 и 4. Проектот под реден број 2 на Општина Македонска Каменица е одбиен во текот на административната контрола поради нецелосна документација. Договорите за одобрените проекти за финансирање се потпишани на 14 февруари 2020 година.

**III. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2018 - 2019**

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион” | Реализиран | 3.917.732,00 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| | *1.1 Полски пат од село Крупиште до Злетовска река - Општина Карбинци* | | | |
| | *1.2 Стационажа 0+640 Долнополски пат и 0+910 Чифлички пат - Општина Чешиново-Облешево* | | | |
| | *1.3 Пристапен пат помеѓу оризови ниви во м.в. Кривулица - Општина Кочани* | | | |
| | *1.4 Пристапен пат до земјоделски површини м.в. Штипски пат - Општина Виница* | | | |
| | *1.5 Пристапен пат до земјоделско земјиште стационажа 0+610 Робовски пат - (Општина Пехчево) и 0+590 Мачевски пат (Општина Берово)* | | | |
| | | | **Вкупна должина:** | **8.340 метри** |
| | | | **Вкупен буџет со ДДВ:** | **3.917.732,00** |

## IV. Аплицирани проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2019 - 2020

Центарот за развој на Источен плански регион по втор пат аплицираше за реализација на проекти преку Програмата за капитални субвенции на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Согласно условите на повикот, Центарот поднесе проектна документација за подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во регионот и во текот на 2020 година ќе се реализира изградба на полски пристапни патишта во три општини од регионот со вкупна должина од 3.880 метри, и тоа:

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион” | Аплициран | 4.521.284,00 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| | 1.1 Долнополски пат КП 5314 Спанчево, во должина од 580 м - Општина Чешиново-Облешево | | | |
| | 1.2 Пристапен полски пат КО Зрновци - КО Виница, во должина од 1.500 м - Општина Зрновци | | | |
| | 1.3 Пристапен полски пат до маала Алебаци - отклон од локален пат Л21 во село Саса со должина од 1.800 м - Општина Македонска Каменица | | | |
| | | | **Вкупна должина:** | **3.880 метри** |
| | | | **Вкупен буџет со ДДВ:** | **4.521.284,00 МКД** |

## V. Аплицирани, одобрени и во фаза на реализација проекти за финансирање од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Центарот за развој на Источниот плански регион по Јавниот повик од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одобрени 2 (два) проекти по следните мерки:

- Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
- Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја;

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Мерка 321** „Изградба на пристапни патишта за планинските населени места Вртешка, Кепекчелија и Калаузлија и нивно поврзување со регионален пат Р 2431" општина Карбинци | Во фаза на реализација | 14.959.084,00 | АФПЗРР Општина Карбинци |
| 2. | **Мерка 323** „Изградба на пристапен пат од с. Оризари до манастирот Пресвета Богородица - туристичка населба Добра Вода" Општина Кочани | Во фаза на реализација | 15.296.671,00 | АФПЗРР Општина Кочани |

* * Од Повикот од 2015 година, проектот „Изработка на УПС во Општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица" е сè уште во фаза на реализација, вкупен буџет од 22.886.095,00 денари.

## VI. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање во рамки на ИНТЕРРЕГ (ИПА) Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020

Во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија - Македонија 2014-2020 година, II (втор) повик, Центарот за развој на Источен плански регион, во мај 2018 година поднесе 2 (два) предлог-проекти и истите беа одобрени за финансирање.

Прв проект е „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина", Центарот е водечки партнер, а Општина Гоце Делчев од Бугарија е проектен партнер. Договорот за финансирање на проектот е потпишан на 12.07.2019 година и е во тек на реализација.

Втор проект е „Културен мост низ вековите", Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" е водечки партнер, а Центарот е проектен партнер. Договорот за финансирање на проектот е потпишан на 04.09.2019 година и е во тек на реализација.

| Ред. бр. | Назив на проектот | Буџет ЕУР | Статус | Носител / Партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" Реконструкција на мултикултурен центар во Кочани | **315.825,62 €** вкупно 562.353,54 € | Во тек на реализација | Центар за развој на Источен плански регион / општина Гоце Делчев | ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија |
| 2. | „Културен мост низ вековите" Конзерваторски работи на црква Св. Власие, пристап и осветлување | **185.187,62 €** вкупно 406.222,44 € | Во тек на реализација | Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" / Центар за развој на Источен плански регион | ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија |

## VII. Проекти финансирани од меѓународни извори на финансирање

| Ред. бр. | Назив на проектот | Буџет | Временска рамка | Носител / партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***Програма за зачувување на природата – фаза 2*** | | | | |
| 1. | Зајакнување на техничките и организациски капацитети на ЦРИПР и општините, во однос на одржливо управување на природните ресурси и обезбедување финансиски средства | 864.511,00 | 2019 | ЦРИПР / Општини во ИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 2. | Старите вековни дрвја во Малеш и Пијанец | 794.039,00 | 2019 | ЦРИПР / БФОР | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 3. | Одржливо управување со природните ресурси во микро регионот Пијанец-Малеш - фаза 2 | 1.306.780,00 | 2019 | ЦРИПР / Општина Делчево, Општина Пехчево, општина Берово | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 4. | Добра земјоделска пракса - богат биодиверзитет II фаза - Одржливо управување со слама и остатоци од жетвата на ориз | 1.480.000,00 | 2019 - 2020 | ЦРИПР / ЗЖЗ Агро-Винка Виница | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 5. | Координативно тело за туризам | 40.000,00 | 2019 | ЦРИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Истражување, подготовка на апликација за членство на Лесново во Глобалната мрежа на геопаркови на УНЕСКО, учество на Меѓународен курс за управување со геопаркови и избор на лого за визуелен идентитет на Геопарк Лесново | 1.819.590,00 | 2019 | ЦРИПР / Општина Пробиштип, Општина Кратово, Универзитет „Гоце Делчев“ | Швајцарска Агенција за развој и соработка / општините Пробиштип и Кратово |
| 7. | Воспоставување на Еко-етно парк во општина Чешиново-Облешево<br>- Реализација на концептот за Еко-етно парк<br>- Промотивни материјали и организирање на манифестација „Меѓународен ден на штркот” | 9.532.037,00 | 2019 | ЦРИПР / Општина Чешиново - Облешево | Швајцарска Агенција за развој и соработка, Општина Чешиново - Облешево |
| 8. | Поддршка на старт-ап бизниси за развој на еко-туризам и промоција на ИПР како туристичка дестинација | 4.500.000,00 | 2019-2020 | ЦРИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| ***Јапонска Амбасада*** | | | | | |
| 9. | Реконструкција на детска градинка „Цветови“ – Астибо, Штип за здрави деца | 3.198.000,00 | 2019 | Градинка / ЦРИПР | Јапонска амбасада |
| ***УНДП*** | | | | | |
| 10. | Рехабилитација на интернат во с. Блатец, општина Виница за поквалитетен престој на деца со посебни потреби | 2.029.500,00 | 2019 | ЦРИПР / Општина Виница | УНДП |
| ***Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2018-202*** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Реконструкција на ски лифтовите на Пониква<br>(во тек на реализација) | 5.292.000,00 | 2019 - 2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 12. | Иновативен проект „Здрави деца - сигурна иднина" | 2.100.000,00 | 2019-2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка |

**<u>VII. 1. Програма за зачувување на природата – фаза 2</u>**

Во 2019 година се продолжи со реализација на втората фаза од имплементација на „Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија", со конкретни активности на Центарот за развој на Источен плански регион:

- На 23.01.2019 година се потпиша договор за истражување и подготовка на досието за аплицирање на Лесново за членство во Глобалната мрежа на геопаркови на УНЕСКО со Државниот Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип;
- На 18.03.2019 година во Делчево беше одржана обука за членовите на Координативното тело за развој на туризмот во ИПР за стандарди во туризмот и категоризација на објекти;
- Од 07-11.04.2019 година се одржа 11 научна конференција за интердисциплинарни проблеми за заштита на животната средина и инженерство - ЕКО ДОК 2019 во Полска на која присуствуваа еден претставник од ЦРИПР, еден од општина Карбинци и еден од општина Виница;
- Од 23-25.04.2019 година во Маврово се одржа работилница за зајакнување на капацитетите на номинираните лица од општините и ЦРИПР;
- На 23.05.2019 година во с. Чешиново се одржа работилница за стандарди во туризмот и категоризација на објекти;
- На 27.05.2019 година во с. Чешиново се одржа работилница за занаетчиство и изработка на ракотворби;
- Од 25.05-01.06.2019 година се одржа 27 Европска конференција и изложба за биомаса – EUBCE 2019 во Лисабон-Португалија на која присуствуваа 2 претставника од ЦРИПР и еден претставник од Општина Кочани;
- На 03.06.2019 година беше објавен Јавен повик за мали проекти во врска со одржливо користење и управување со природните ресурси;
- Од 12-15.06.2019 година се одржа 16 состанок на Мрежата на Европското село на Штркот во Општина Чешиново-Облешево;
- Од 18-21.06.2019 година се одржа 13 Меѓународна конференција на Европските општества за Еколошка економија во Турку – Финска на која присуствуваа еден претставник од Општина Делчево и Општина Чешиново-Облешево;
- На 27.06.2019 година во Пехчево се одржа завршен настан на кој беа промовирани резултатите од проектот „Старите вековни дрвја во Малеш и Пијанец";
- На 03.07.2019 година беше објавен Јавен повик за поддршка на старт-ап бизниси за развој на еко-туризам и промоција на ИПР како туристичка дестинација;

- На 09.07.2019 година во Домот на Културата „Злетовски рудар“ во Пробиштип беше одржана обука за членовите на Координативното тело за развој на туризмот во ИПР за „Основни принципи и концепти на еко туризмот“;
- На 04.10.2019 година се направи примопредавање на изградените етно-еко паркови во рамките на проектот „Воспоставување на етно-еко парк во општина Чешиново-Облешево“;
- На 27.11.2019 година, беше ре-објавен Јавен повик за поддршка на старт-ап бизниси за развој на еко-туризам и промоција на ИПР како туристичка дестинација;
- На 03.12.2019 година се направи мониторинг на реализираните активности по проектот „Одржливо управување со природните ресурси во микро регионот Пијанец-Малеш – фаза 2“;
- На 04.12.2019 година се одржа настан за засадување на тополови и врбови садници непосредно до крајречниот појас на реката Брегалница во атарот на општина Штип.

## VII. 2. Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој

Центарот за развој на Источен плански регион на 28.12.2018 година потпиша Договор за финансиска поддршка на Центрите за развој на планските региони за спроведување на активности во 2019 година во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2018-2020“ финансиран од страна на Швајцарската Конфедерација со поддршка на Министерството за локална самоуправа.

Вкупниот буџет на проектот за Источниот плански регион изнесуваше 8.274.036,00 денари и истиот беше наменет за спроведување на регионални форумски сесии, финансиска поддршка за реализација на еден регионален инфраструктурен проект и еден регионален иновативен проект, како и за организација на една меѓународна конференција.

## VIII. Активности на Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните Центри за развој на планските региони. Ваков Бизнис Центар е формиран и во Источниот плански регион во состав на Центарот за развој на Источен плански регион - Штип, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Проектот финансиски е поддржан од Министерството за локална самоуправа и Програмата за поддршка на обединети нации УНДП.

Во текот на 2019 година Бизнис Центарот спроведе серија на активности сè со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој во регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Подготовка на месечен е-билтен и дистрибуција до сите заинтересирани страни од Источен плански регион. Месечни е-билтени можат да се видат на веб страната на Бизнис Центарот на Источен плански регион, www.investineastregion.mk;
- Организација на три форумски сесии од програмата „Регионални форуми во заедницата“, во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2018-2020“, финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација;
- Организација на Информативен настан на тема: „Презентација на Инструментот за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации“;
- Организација на работилница за идентификација на проектни идеи, концепти за иновативен проект во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2018-2020“, финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација. Во 2019 година иновативниот проект „Здрави деца - сигурна иднина” е реализиран;
- Организација на еднодневна регионална Конференција на тема „Партнерства за забрзана децентрализација, инклузивен и одржлив раст“ организирана во Штип, во рамки на проектот „Унапредување на општинското владеење“ финансиран од ЕУ, а имплементиран од УНДП во партнерство со Министерство за локална самоуправа и Министерство за финансии;
- Организација на Меѓународната конференција на тема „Добри практики за регионален развој во Источен плански регион”, одржана во период од 12-13.09.2019 година во мултимедијалниот центар „Киро Глигоров”, општина Штип. Конференцијата е во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2018-2020“, финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација;
- Изработена Анализа за потребите на микро, малите и средните компании во ИПР врз основа на спроведување на анкета;
- Пополнување на листата на евиденција на развојните потенцијали на општините и на планските региони, согласно Правилникот за начинот за водење и формата и содржината на евиденцијата на развојните потенцијали на општините и планските региони и упатството за пополнување на листата на евиденција на развојните потенцијали на општините и на планските региони (Службен весник на Р.М. бр. 146 од 2016 година).

## IX. Спроведени јавни набавки од страна на Центарот за развој на Источен плански регион

Во текот на 2019 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки согласно Законот за јавни набавки:

Постапки спроведени согласно стариот Закон за јавните набавки кој беше во примена до 31.03.2019 година

1. Постапки со барање за прибирање на понуди:
   - Набавка на услуги од друштво за вршење сметководствени работи;
2. Отворени постапки:
   - Изградба на дел од ул. „1“ во Индустриска зона „Чуката“ Пехчево;
   - Изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион;

Постапки спроведени согласно новиот Закон за јавните набавки кој е во примена од 01.04.2019 година

1. Набавки од мала вредност:
   - Бонификација на десна коловозна лента на ул. „1“ во Индустриска зона „Чуката“ Пехчево;
   - Ангажирање на приватна агенција за вработување заради вршење на привремени вработувања;
2. Поедноставена отворена постапка:
   - Изградба на Регионален Етно парк во с. Зрновци - Фаза II;
   - Изградба, уредување и осветлување на пешачко-велосипедска патека на река Брегалница, Општина Берово;
   - Изградба на систем за третман на отпадни води во должина од 3.325 метри во село Соколарци, Општина Чешиново-Облешево;
   - Изградба на регионален туристичко-научен музеј за ретки минерали во Пробиштип;
   - Изградба на локален пат врска со регионален пат Р 2431, викенд населба Вртешка, село Кепекчелија и село Калаузлија, Општина Карбинци;
   - Набавка и монтажа на опрема во сензорни соби во Штип, Кочани и Делчево - Проект: “Здрави деца-сигурна иднина”;
   - Изградба на пристапен пат од с. Оризари до Манастир Пресвета Богородица - Добра Вода, Општина Кочани.

## X. Седници на Советот за развој на Источен плански регион

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари - декември 2019 година подготви и организираше 5 (пет) седници на Советот за развој на Источен плански регион.

На ден 12.03.2019 година (вторник) во Општина Карбинци, мотел Ваго, се одржа деветтата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од осмата Седница на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион со финансиски извештај за 2018 година;
3. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршните сметки на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2018 година;
4. Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 за 2018 година;
5. Предлог – Одлука за прифаќање на предлог-концепти од одржаните регионални форуми во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој";
6. Предлог – Одлука за набавка на службено возило;
7. Разно.

На ден 17.07.2019 година (среда) во Општина Зрновци, Сала на Совет при Општина Зрновци, се одржа десеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од деветтата Седница на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Информација во врска со проекти во фаза на реализација и склучени договори за идни проекти;
3. Информација за напредокот на компонентата за номинација на Геопарк Кратово-Злетово – презентер: Марјана Шушлевска, тим лидер на Програма за зачувување на природата во Северна Македонија;
4. Студија за валоризација на природните вредности на Осоговските Планини – презентер: Деспина Китанова, Македонско еколошко друштво;
5. Проблеми при изработка на проект „Изработка на планска документација за села" – презентер: Николина Шандевска, Ин-Пума;
6. Разно.

На ден 20.11.2019 година (среда) во Општина Штип, Сала за состаноци, се одржа единаесетта Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од десеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Избор на претседател на Совет за развој на Источен плански регион;
3. Одлука за трансфер на средства за реализација на проект „Нашето заедничко минато – патека за заедничка иднина";
4. Одлука за трансфер на средства за реализација на проект „Културен мост низ вековите";
5. Разно.

На ден 29.11.2019 година (петок) во Општина Виница – Сала за состаноци во Општина Виница, се одржа дванаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од единаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион;
2. Годишна листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион во 2020 година;
3. Разно.

На ден 25.12.2019 година (среда) во Општина Делчево – Мултикултурен Центар - општинска зграда, се одржа тринаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од Дванаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион, одржана на ден 29.11.2019 година во општина Виница;
2. Усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2020 година;
3. Донесување на Годишниот Акционен план за 2020 година за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019;
4. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Изградба, уредување и осветлување на пешачко-велосипедска патека на река Брегалница – општина Берово на дел од парцели со КП бр. 970, 1004, 2160, 2117, 2197, 2283/1, 3265 и 3305, КО Берово";
5. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Пешачки мост на река Брегалница во Делчево (КП бр. 6664/1, 6661, 8987/1, 9017, 6565/1, 6563, КО Делчево)";
6. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Воспоставување на етно-еко парк во општина Чешиново-Облешево" (Доизградба на еко-етно парк во с. Чешиново на КП бр. 4980 во КО Чешиново и Изградба на еко-етно во с. Соколарци на КП бр. 6365/1, КП бр. 6256 и КП бр. 6257/2, катастарски број на градежна парцела КП 6365/1 КО Соколарци);
7. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Дел од ул. „1" во Индустриска зона „Чуката" во Пехчево (м.в. Подуово КО Пехчево КП бр. 2/2)";
8. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Долнополски пат (КП 2424 КО Чифлик) 0+640 и Чифлички пат с. Чешиново (КП 3968 КО Чешиново) – с. Чифлик (КП 1000 Ко Чифлик) 0+910, со вкупна должина од 1550 м – Општина Чешиново-Облешево";
9. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Пристапен земјоделски пат од Виница до земјоделски површини м.в. Штипски пат (КП 11493, 7248, 8015/1, 8015/2 и 1018 КО Виница), со вкупна должина од 2900 м - Општина Виница";
10. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Полски пат од село Крупиште до Злетовска река– Општина Карбинци, со должина од 1490 м (КП дел од 2236/1 и 2252/2 за КО Крупиште и КП 1727 за КО Уларци)";
11. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Порамнување и тампонирање ба земјен пат помеѓу оризови ниви во м.в. Кривулица, во општина Кочани, со должина од 1200 м";
12. Предлог – Одлука за преотстапување на дел од изграден објект „Пристапен полски пат до земјоделско земјиште од с. Робово до с. Мачево стационажа 0+610 Робовски Пат, Општина Пехчево (дел од КП 3967, дел од КП 3944 и КП 1715, КО

Робово) и 0+590 Мачевски пат, Општина Берово (КП 1987 КО Мачево)" на општина Пехчево;

13. Предлог – Одлука за преотстапување на дел од изграден објект „Пристапен полски пат до земјоделско земјиште од с. Робово до с. Мачево стационажа 0+610 Робовски Пат, Општина Пехчево (дел од КП 3967, дел од КП 3944 и КП 1715, КО Робово) и 0+590 Мачевски пат, Општина Берово (КП 1987 КО Мачево)" на општина Берово;
14. Предлог – Одлука за преотстапување во сопственост и владение на опрема во сензорни соби во Штип, Кочани и Делчево;
15. Расправа по Студијата за валоризација на предлог-подрачјето за заштита „Осоговски планини" во категоријата „Заштитен предел";
16. Разно.

**Изработиле:**

Зујица Ангелова
Координатор за регионален развој

Андреа Златковска
Координатор за еко туризам

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител
*Драгица Здравева*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * Штип *

Март, 2020 година

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
РЕГИОН

# Годишен финансиски извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година

Март 2020

Врз основа на член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион, Раководителот на Центарот доставува на усвојување Годишен финансиски извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година до Советот за развој на Источен плански регион.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година и
2. Завршните сметки од проекти за 2019 година:
   - Програма за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2;
   - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој;
   - Зелени згради за заедничка зелена иднина - GREEN;
   - Нашето заедничко минато – патека за заедничка иднина;
   - Културен мост низ вековите.

<u>ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН</u>

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесен вишок на приходи од претходни години | 5.331.489,00 | 39.093.599,00 |
| 2. | Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот | 2.039.674,00 | 2.410.596,00 |
| 3. | Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 4. | Трансфер на средства од МЛС согласно договорот за Бизнис Центарот | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 5. | Трансфер на средства за реализација на проекти МЛС-БРР | 28.126.721,00 | 28.211.290,00 |
| 6. | Трансфер на средства од МЗШВ за реализација на проекти | 3.603.012,00 | 314.345,00 |
| 7. | Трансфер на средства од АФПЗРР за реализација на проекти | 9.697.110,00 | - |
| 8. | Трансфер на средства за кофинансирање на проекти од општините | 8.893.072,00 | 32.725.122,00 |
| 9. | Приходи од менаџирање на проекти од ПЗПМ – фаза 2 | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 10. | Приходи од ПЗПМ – 2 (за едно лице) | 292.500,00 | 468.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | Повраток на трансферирани средства за реализација на проектот (GREEN) | 1.006.715,00 | 2.600.000,00 |
| 12. | Приходи од менаџирање на проект - GREEN | - | 1.065.471,00 |
| | **ВКУПНО:** | **61.790.293,00** | **109.764.937,00** |

(во денари)

| Ред. бр. | РАСХОДИ | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто плати и надоместоци | 4.064.857,00 | 4.005.194,00 |
| 2. | Патни и дневни расходи во земјата и странство | 159.004,00 | 197.189,00 |
| 3. | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 178.959,00 | 197.010,00 |
| 4. | Горива и масла | 138.558,00 | 141.911,00 |
| 5. | Прехранбени продукти, хигиенски средства | 24.471,00 | 20.029,00 |
| 6. | Организација на работилници | - | 36.265,00 |
| 7. | Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување | 25.854,00 | 50.771,00 |
| 8. | Поправка и одржување на возило | 33.525,00 | 30.700,00 |
| 9. | Сметководствени услуги | 113.870,00 | 151.040,00 |
| 10. | Договорни услуги | 85.475,00 | 117.486,00 |
| 11. | Други оперативни расходи | 257.440,00 | 300.425,00 |
| 12. | Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти) | 17.614.681,00 | 68.813.433,00 |
| | **ВКУПНО:** | **22.696.694,00** | **74.061.453,00** |
| | *Пренесен вишок на приходи во наредна година* | *39.093.599,00* | *35.703.484,00* |

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

Сметка на проектот: 8800061166785D2
ЕДБ: 4044017100140
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесени средства од претходна година | 8.506,00 | 1.800.719,00 |
| 2. | Трансфери на средства од Фармахем за реализација на проектни активности | 7.698.160,00 | 10.631.406,00 |
| | **ВКУПНО:** | **7.706.666,00** | **12.432.125,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | 5.905.947,00 | 12.192.534,00 |
| | **ВКУПНО:** | **5.905.947,00** | **12.192.534,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 1.800.719,00 | 239.591,00 |

ЗЕЛЕНИ ЗГРАДИ ЗА ЗАЕДНИЧКА ЗЕЛЕНА ИДНИНА

Сметка на проектот: 8800061166785Ц8
ЕДБ: 4080016115043
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | 2.102.786,00 | 937.694,00 |
| 2. | IPA CBC BG_MK | 5.821.916,00 | 9.248.623,00 |
| 3. | Средства од национално кофинансирање | 1.491.106,00 | 508.077,00 |
| 4. | Трансфер на средства за кофинансирање на проектот (општина Кочани, ЦРИПР) | - | 630.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **9.415.808,00** | **11.324.394,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | 6.364.327,00 | 4.567.071,00 |
| 2. | Трансфер на средства кон ПП2-партнер | 2.113.787,00 | 6.757.323,00 |
| | **ВКУПНО:** | **8.478.114,00** | **11.324.394,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 937.694,00 | - |

НАШЕТО ЗАЕДНИЧКО МИНАТО – ПАТЕКА ЗА ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА

Сметка на проектот: 8800061166785F1
ЕДБ: 4080019128413
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | - |
| 2. | IPA CBC BG_MK | - | 5.641.468,00 |
| 3. | Средства од национално кофинансирање | - | 462.629,00 |
| 4. | Трансфер на средства од ЦРИПР | - | 1.500.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **7.604.097,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | - | 1.746.309,00 |
| 2. | Трансфер на средства кон ПП2-партнер | - | 3.039.703,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **4.786.012,00** |
| | *За пренос во наредна година* | - | 2.818.085,00 |

КУЛТУРЕН МОСТ НИЗ ВЕКОВИТЕ

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | - |
| 2. | IPA CBC BG_MK | - | 959.091,00 |
| 3. | Средства од национално кофинансирање | - | 170.810,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **1.129.901,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | - | 215.281,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **215.281,00** |
| | *За пренос во наредна година* | - | 914.620,00 |

ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | ПРИХОДИ | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | - |
| 2. | МЛС-SDC | - | 4.922.772,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **4.922.772,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | - | 1.736.850,00 |
| | **ВКУПНО:** | **-** | **1.736.850,00** |
| | *За пренос во наредна година* | - | 3.185.922,00 |

**Изработиле:**
Зујица Ангелова З.А.
Координатор за регионален развој

Андреа Златковска
Координатор за еко туризам

Март, 2020 година

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител
*Драгица Здравева*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/5
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година.

Член 2

Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година, е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-520/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-131/1
20.03 2020 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
РЕГИОН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019
## ЗА 2019 ГОДИНА

Март 2020

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E:eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

***Подготвува:*** Центар за развој на Источен
плански регион

***Усвојува:*** Совет за развој на Источен
плански регион

Врз основа на член 25 став 1 алинеа 6 и член 45 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18)) и член 4 став 1 алинеја 8 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион изготви:

# ***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 за 2019 година***

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2015-2019 година го опфаќа периодот јануари - декември 2019 година.

Во координација со 11 (единаесет) единици на локалната самоуправа во состав на регионот, Центарот за развој на Источниот плански регион реализираше активности согласно утврдените среднорочни цели и приоритети во Програмата и Годишниот Акционен план.

Во овој извештај се опфатени проектите финансирани од националниот буџет преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од националниот буџет преку Програмите на линиските министерства, АФПЗРР, проекти финансирани од ИНТЕРРЕГ ИПА - Програма за прекугранична соработка со Р. Бугарија (2014-2020), Швајцарската Агенција за развој и соработка – (SDC), Швајцарската конфедерација, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јапонска Амбасада, УНДП и останати донатори.

Во извештајот, се опфатени и проекти реализирани од други чинители во регионот, во кои Центарот се јавува како партнер или поддржувач, како и проекти за кои Центарот има обезбедено директно податоци или податоци преку општините.

***<u>Визијата за регионалниот развој на Источниот плански регион</u>*** упатува на крајната цел што треба да се постигне:

*„Источниот плански регион да е модерен регион со динамичен економски развој базиран на развојот на човечките ресурси и современата технологија, препознатлив по зачуваната животна средина, одржливо земјоделство и подобрениот квалитет на живеење".*

***<u>Среднорочни цели, главни приоритети и мерки</u>*** за реализирање на поставената визија:

***<u>СЦ1. Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање;</u>***

Главни приоритети за остварување на оваа среднорочна цел се:

- ✓ ***ГП 1.1. Искористување на расположливите ресурси и конкурентски предности за привлекување на инвеститори во регионот.***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*1.1.1. Мапирање на конкурентски предности во регионот*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Изработка на „УРБАНА РЕВИЗИЈА" за општина Пехчево

*1.1.4. Промоција на регионот и на неговите конкурентски предности*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Бизнис форум на текстилен кластер со делегација од Чешка република во Општина Штип;
- Конференција со аташеа на МНР делегирани во земјите со дипломатски претставништва на Р. С. Македонија во Општина Штип;
- Изработка на ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ на општина Пехчево 2019 - 2022 година;
- Изградба на леарница за одлеаноци од железо за автомобилската индустрија - Кранфилд фаундри со над 100 вработени;
- Традиционална манифестација Бабина Баница, Општина Македонска Каменица;
- Ден на дијаспората, манастирски комплекс Еленец;
- Каменичко културно лето и
- Традиционална меѓугранична средба Руен.

- ✓ ***ГП 1.2. Развој на претприемништвото и на малиот бизнис во регионот,***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*1.2.1. Поттикнување на приватната иницијатива и малиот бизнис*

Од оваа мерка во 2019 година е реализирана:

- Поддршка за старт-ап бизниси за развој на еко туризам, и
- Базар на рачни ракотворби.

*1.2.3.Подигање на капацитетот на бизнисите за пристап до развојните фондови*

Од оваа мерка во 2018 година се реализирани:

- Бизнис форум.

✓ ***ГП 1.3. Транспорт, комуникации и просторно планирање***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*1.3.1. Реконструкција и градба на патната мрежа*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Асфалтирање на повеќе улици во градот и населените места во општина Кочани;
- Рехабилитација на десниот коловоз од булеварот Тодосија Паунов во општина Кочани;
- Изградени се улица Ристо Соколов во село Кучичино, Крак 1 и Крак 2 на улица Маршал Тито во село Чифлик, крак 1 и крак 2 на улицата Гиго Крстев во село Бурилчево, улицата Ване Златев во село Жиганци и крак на улица Маршал Тито во с. Соколарци;
- Изградба на улица во населено место Кучичино;
- Изградба на полски патишта во Крупиште, Виница, Подлог, Пехчево;
- Изградба на улица Тодор Арсов во општина Зрновци;
- Изградба на пристапен пат до археолошки локалитет Црквиште и археолошки локалитет Манастириште - Крак ,1 с. Мородвис;
- Реконструкција и асфалтирање на локални улици во градот Виница;
- Реконструкција и асфалтирање на улици во населените места;
- Реконструкција и рехабилитација на Ул. Бр. 1 во с. Црник, општина Пехчево;
- Изградба на дел од Ул. 1 во индустриска зона Чуката-Пехчево;
- Комплетна Реконструкција и нов асфалтен слој на Регионален патен правец Злетово-Древено-Добрево-Пробиштип во должина од 40км;
- Комплетна реконструкција на улица Црн Врв во должина од 250м, со енергетски ефикасни светилки во општина Пробиштип;
- Реконструкција на дел од улица Димитар Влахов со вкупна должина од 330м во општина Пробиштип;
- Реконструкција на улица Црн Врв со коловоз и тротоари вкупна должина од 185м во општина Пробиштип;
- Поплочување на уличка Никола Карев во Пробиштип со бехатон;
- Поплочување на тротоари на дел од улица Јордан Стојанов во општина Пробиштип;
- Изградба на локални улици во с. Трaботивиште, с, Град и с. Разловци во општина Делчево;
- Изградба на локален пат врска регионален пат Р2431, викенд населба Вртешка, село Кепекчелија и село Калаузија во општина Карбинци;
- Асфалтирање на пат во с. Косевица во општина Македонска Каменица;
- Асфалтирање на локални селски патишта во општина Македонска Каменица;
- Изградба на ул.Даме Груев-Македонска Каменица и

- Одржување на патната мрежа во општина Македонска Каменица.

*1.3.2. Подобрување на транспортните услуги и мобилноста*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- *Изработка на Урбанистички планови за села во општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица;*
- *Уредување на Мултикултурен центар во Делчево.*

*1.3.4. Градење на функционално-просторни структури*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Изградба на урбана опрема и уредување на површини во општина Македонска Каменица и
- Атмосферска канализација во општина Македонска Каменица.

✓ ***ГП 1.4. Поттикнување на развојот на подрачјата со специфични развојни потреби***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*1.4.1. Подобрување на сообраќајната и комуналната инфраструктура во местата кои се со специфични развојни потреби и нивно поврзување со најблиските урбани центри;*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Изградба на Локален пат од м.в Крушка до с. Полаки - втор дел во општина Кочани;
- Асфалтирање на повеќе улици во селата во општина Кочани;
- Реконструкција и асфалтирање на улица во с. Блатец општина Виница;
- Изработка на техничка документација за изградба на пат од Пехчево до с. Спиково и врска со локален пат Пехчево - Тур. населба „Равна Река“ Пехчево L = 6.920 м;
- Изработка на техничка документација за изградба на улици во с. Чифлик, с. Умлена, с. Робово и с. Црник L = 3.670 м општина Пехчево;
- Изградба на локален пат Турија-Трстија во општина Делчево и
- „Реконструкција на улица 4 во с. Русиново“ во општина Берово.

*1.4.2. Подобрување на условите за живот и работа во местата со специфични развојни потреби;*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Набавка на универзален ровокопач за општина Чешиново-Облешево;
- Набавка на возило за потреби на општина Чешиново-Облешево;
- Реконструкција на селски чешми во општина Чешиново-Облешево;
- Каналски систем за наводнување во с. Блатец, општина Виница и
- Реконструкција на дом на културата во с. Видовиште.

***<u>СЦ 2. Современо и квалитетно образование, здравство и социјални дејности;</u>***

Главни приоритети за остварување на оваа среднорочна цел се:

- ✓ ***ГП 2.1 Подобрување на просторните услови и опременоста на училиштата во регионот.***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*2.1.1. Реконструкција и изградба на згради за училишта, училишни и студентски домови*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- ➢ Реконструкција на дворна површина во ООУ Тошо Арсов - Штип;
- ➢ Санација и реконструкција на тоалети во ООУ Тошо Арсов - Штип.
- ➢ Монтажен спортски терен во ООУ Ванчо Прке - Штип;
- ➢ Отворена училница во ООУ Ванчо Прке - Штип;
- ➢ Имплементација на Акциониот план за Роми во општина Пехчево;
- ➢ Со младите во заедничка зелена иднина во Општина Штип;
- ➢ Комплетна преадаптација и изградба на нова детска градинка во објект на ООУ Никола Карев, Пробиштип;
- ➢ Реконструкција на кровот на зградата на централното училиште ООУ „Браќа Миладиновци" - Пробиштип и поставување на громобранова инсталација;
- ➢ Реконструкција на кровот на зградата на подрачното училиште во нас. Пробиштип и поставување на громобранова инсталација;
- ➢ Набавка на училишни клупи, столчиња и катедри во ПОУ „Кирил и Методиј" - Злетово;
- ➢ Набавка и монтажа на венецијанер завеси во ПОУ „Кирил и Методиј" - Злетово;
- ➢ Реконструкција на санитарни јазли во ПОУ „Кирил и Методиј" - Злетово;
- ➢ Реконструкција на под во спортска сала и тротоари околу салата во ООУ „Браќа Миладиновци" - Пробиштип;
- ➢ Реконструкција на игралишта и училиштен двор во ООУ „Никола Карев" - Пробиштип;
- ➢ Реконструкција на куполи на кров на фискултурна сала и поставување на громобранска инсталација во ООУ „Никола Карев" - Пробиштип;
- ➢ Замена на стари со нови ПВЦ прозорци во 17 училници во ООУ „Никола Карев" - Пробиштип;
- ➢ Замена на стари со нови ПВЦ прозори во службените канцеларии, наставничка канцеларија и библиотека во ООУ „Никола Карев" - Пробиштип;
- ➢ Набавени се две нови циркулациони пумпи за парното греење во ООУ „Никола Карев" - Пробиштип;
- ➢ Набавка на работни униформи за сите наставници и административно - техничкиот кадар во ООУ „Никола Карев" - Пробиштип;
- ➢ Набавени се и поставени Фотоволтаични системи на кровот на базенот во училиштето, општина Пробиштип;
- ➢ Реновирани се сите санитарни јазли во училиштето;
- ➢ Рехабилитација на градинката „Цветови" за здрави деца во Штип;
- ➢ Отворање на една нова занимална и реконструкција на една постоечка во ЈОУДГ „Бамби", Општина Македонска Каменица;

- Целосна реконструкција на системот за греење ООУ „Св. Кирил и Методиј" во општина Македонска Каменица;
- Поставување на нов под на спортската сала при ООУ „Св. Кирил и Методиј" во општина Македонска Каменица, и
- Реконструкција на столарија во ООУ „Св. Кирил и Методиј" во општина Македонска Каменица;

✓ ***ГП 2.2 Подобрување на условите во здравствените установи во регионот.***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

2.2.1. *Модернизација на постојните и изградба на нови здравствени објекти посебно на оние во руралните делови на регионот*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Мобилни амбуланти за помош на лица од ранливите категории во општина Кочани;

✓ ***ГП 2.3 Подобра социјална инклузија на сите ранливи категории население.***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*2.3.1 Задоволување на потребите на регионот во доменот на современа детска заштита и училишна инклузија*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Општо-корисна работа во општина Кочани;
- Изградба на нова детска градинка во м.в. Драчевик во Кочани;
- Ран детски развој – Општина Кочани;
- Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој Објект: ОЈУДГ Астибо Штип – „Здрави деца-сигурна иднина“ (опрема за мулти сензорна соба);
- Сензомоторна соба во ОУ Малина Поп Иванова, општина Кочани;
- Проект за подобрување на училишната средина во подрачната градинка „Цветови“ во Општина Штип;
- Реконструкција на објект за клон на детска градинка во с. Спанчево;
- Реконструкција на простор за отворање на канцеларија на Центарот за социјална работа во с. Облешево (општинска зграда);
- Во завршна фаза е Изградба на две згради за Социјално ранливи категории со вкупно 40 стана во општина Пробиштип;
- Програма Општинско-корисна работа - проект „Зголемени услуги за еднакви можности за сите“. Ангажирање на тројца образовни асистенти за работа со ученици инклузирани во редовна настава во општина Пробиштип;
- Логопедски вежби за деца со проблеми во говор и јазик во ООУ „Браќа Миладиновци“ во општина Пробиштип;

- Ортопедски прегледи за доенчиња и мали деца во ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип;
- Ослободување од плаќање за престој во градинка ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип;
- Здрави деца - сигурна иднина во Штип, Кочани и Делчево;
- Хумани на дело во Општина Македонска Каменица, и
- Хумани вредности во општина Македонска Каменица.

*2.3.2. Побрување на грижата за стари лица во регионот*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Општинско-корисна работа „Социјални услуги за сите граѓани“ во Општина Штип;
- Општинско-корисна работа „Одговорна општина која се грижи за потребите на граѓаните“ во Општина Штип;
- Општинско-корисна работа во општина Виница;
- ПОДАДЕНИ РАЦЕ - Социјална заштита за Инклузивна општина Пехчево II;
- ПОДАДЕНИ РАЦЕ - Социјална заштита за Инклузивна општина Пехчево II за ангажирање на Роми и др. ранливи групи.

2.3.3. *Изградба на центри за згрижување и повремен престој на лица, дом за сместување на лица бездомници, народна кујна за социјални случаи*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Мал групен дом во општина Штип;
- Изградба на дом за стари лица во општина Пробиштип.

***<u>СЦ3. Сочувана и унапредена животна средина;</u>***
Главни приоритети за остварување на оваа среднорочна цел се:

✓ ***ГП 3.1 Регионално управување со комуналниот цврст отпад***
Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*3.1.1. Воспоставување на регионално управување со отпадот и подобрување на постојното управување со отпадот.*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани проекти за:

- Поставување на Фото-напонски панели за производство на ел. енергија на 3 јавни објекти во Пехчево ООУ „Ванчо Китанов“ Пехчево, ОЈУДГ „7-ми Септември“ Пехчево и Спортска сала „Јане Сандански“ Пехчево;
- Реализација на проект „Biowaste“ преку програма Интеррег Балкан мед - Изградба на постројки за преработка на био отпад во општина Пробиштип;
- Регионално управување со отпад во Источниот плански регион;
- Изградба на прочистителна станица за вода за пиење во општина Делчево;
- Затворање на несоодветните депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион и општина Свети Николе.

- Надзор над градежните работи на проектот Затворање на несоодветните депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион и општина Свети Николе;
- Воспоставување на интегриран финансиски самоодржлив регионален систем за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион со изградба на регионалната инсталација за преработка и третман на отпад со вклучена регионална депонија и 6 (шест) претоварни станици за отпад;
- Надзор на инвестицискиот проект - Воспоставување на интегриран финансиски самоодржлив регионален систем за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион;
- Техничка помош на регионалните претпријатија задолжени за управување со отпад и развој на кампањи за подигање на јавната свест (техничка помош за воспоставување на институционална инфраструктура односно формирање на идното заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад за Источниот, Североисточниот регион и општина Свети Николе:
- Формирање на идното заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад за Источниот, Североисточниот регион и општина Свети Николе;

✓ ***ГП 3.2. Заштита на водните ресурси,***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*3.2.1. Подобрување на водоснабдувањето*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Изградба на пречистителна станица во општина Кочани.
- Замена на азбестни цевки во општина Виница;
- Проектот „Ревитализација и автоматизација на постоечките објекти за снабдување со вода за пиење во општина Пробиштип“ и
- Прочистување на зафати во општина Македонска Каменица.

*3.2.2. Заштита на површинските и подземните води*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Поставување на хлорни станици во општина Македонска Каменица;
- Анализи на вода во општина Македонска Каменица;
- Чистење на дренажа и замена на филтерски слоеви во општина Македонска Каменица;
- Канализација во с. Трсино
- Канализација во с. Истибања
- Поставување на нова канализација во с. Градец во општина Виница;

✓ ***ГП 3.3. Одржливо користење на енергијата***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*3.3.1. Искористување на потенцијалите за производство на енергија од обновливи извори*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Фотоволтаични панели во јавни објекти во општина Виница;
- „Проектирање и изведба на фотоволтаични системи во рурални општини“ во општина Пробиштип;
- „Заедничка инвестиција во енергетската ефикасност“, кој општина Пробиштип го спроведуваше во рамки на Interreg-IPA CBC за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија.

*3.3.2 Намалување на потрошувачката на енергија*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Реконструкција и адаптација на Мултикултурен центар во општина Кочани;
- Поставување на фотоволтаични панели на општинската зграда и на објекти на 2 училишта.

✓ ***ГП 3.4. Климатски промени и заштита на биодиверзитетот***
Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*3.4.1. Зачувување на биолошката разновидност*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Организирање обуки по мерка за зачувување на природата и одржливо управување со природните ресурси за вработените во ЦРИПР и општините во НП Маврово;
- Организирање обуки по мерка за зачувување на природата и одржливо управување со природните ресурси за вработените во ЦРИПР и општините Натура 2000 – Пробиштип;
- Учество на конференции и курсеви за обука во врска со зачувување на природата и одржливо управување со природните ресурси за вработените во ЦРИПР и општините. Зајакнување на капацитетите на вработените во ЦРИПР и општините - 11 научна конференција за интердисциплинарни проблеми за заштита на животната средина и инженерство - ЕКО ДОК 2019 - Полска;
- Учество на конференции и курсеви за обука во врска со зачувување на природата и одржливо управување со природните ресурси за вработените во ЦРИПР и општините. Зајакнување на капацитетите на вработените во ЦРИПР и општините - 27 Европска конференција и изложба за биомаса – EUBCE 2019 во Лисабон, Португалија;
- Зајакнување на капацитетите на вработените во ЦРИПР и општините - 13 Меѓународна конференција на Европските општества за Еколошка економија во Турку – Финска;
- Одржливо управување со слама и остатоци од жетвата, одбран за надградба.

***СЦ 4. Создадени услови за организирано и поврзано искористување на капацитетите за земјоделски и рурален развој;***

Главни приоритети за остварување на оваа среднорочна цел се:

- ✓ ***ГП 4.1 Создавање на инфраструктурни и други поврзани услови за земјоделски и рурален развој на регионот***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки*:*

*4.1.2. Креирање на услови за зголемување на инвестициите во земјоделството*

Од оваа мерка во 2019 година е реализирано:

- „Подобрување на руралната патна инраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источниот плански регион во општините Кочани, Карбинци, Чешиново-Облешево, Виница и Пехчево.

***СЦ.5 Источниот регион е туристичка дестинација позната по разновидната понуда на селективните видови на туризам;***

Главни приоритети за остварување на петтата среднорочна цел се:

- ✓ ***ГП 5.1. Развој на селективни видови на туризам (планински, рурален, културен и спа туризам)***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*5.1.1. Мапирање и валоризација на природното и културно наследство*

Од оваа мерка во 2019 година е реализирано:

- Старите вековни дрвја во Малеш и Пијанец – фаза 2 – БФОР;
- Одржливо управување со природните ресурси во микрорегионот Пијанец-Малеш фаза 2 - општина Делчево;
- Номинирање на Геопарк „Лесново" во Глобалната мрежа на геопаркови на УНЕСКО;
- Прогласување на Црна Дудунка за природна реткост во село Лесново.

*5.1.2. Изготвување на стратешки документи во туризмот*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Изработка на студија за анализа на водите во с. Бања;
- Стратегија за развој на туризмот во општина Виница.

*5.1.3. Подобрување на туристичката инфраструктура*

Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Изградба на патот до манастирот Добра Вода, општина Кочани;
- Изградба на патот Крушка до валавниците, општина Кочани;
- Реконструкција на ски лифтовите на Пониква;
- Планински велосипедски рај, општина Кочани;
- Реконструкција на урбана опрема на Пехчевски водопади;

- Збогатување на туристичката понуда со изградба, уредување и осветлување на пешачко-велосипедска патека на река Брегалница - општина Берово;
- „Културен мост низ вековите“ - реставрација на црквата „Св. Власие“, археолошки локалитет Исар, Штип;
- „Изградба на Етно парк - Зрновци - II фаза“.

*5.1.5. Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда*
Од оваа мерка во 2018 година се реализирани:

- Музеј за ретки минерали во општина Пробиштип и
- Реконструкција на кино сала во Пробиштип.

✓ ***ГП 5.2. Зајакнување на институционалните и човечки капацитети за развој во туристичкиот сектор***

Остварувањето на овој приоритет се реализираше преку следниве мерки:

*5.2.1 Едукација, обуки, размена на искуства и позитивни примери во туризмот*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Работилница за стандарди во туризмот и категоризација на објекти

*5.2.2. Формирање на кластери за туризам*
Од оваа мерка во 2019 година се реализирани:

- Основни принципи и концепти на еко туризмот

Составен дел на наративниот Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2015-2019 година е табеларниот приказ на реализираните проекти во 2019 година.

| I. Среднорочни цели за развој на Источниот плански регион | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СЦ 1.Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање** | | | | | | |
| **Приоритет** | **Мерка** | **Назив на проектот** | **Носител/ Партнер** | **Буџет** | **Резултати/ Индикатори** | **Забелешки** |
| **1.1.Искористување на расположливите ресурси и конкурентски предности за привлекување на инвеститори во регионот** | 1.1.1.Мапирање на конкурентски предности во регионот | Изработка на „УРБАНА РЕВИЗИЈА„ за општина Пехчево | Општина Пехчево/ Министерство за финансии/ Светска банка | 200.000,00 | Изработен документ - УРБАНА РЕВИЗИЈА за општина Пехчево | |
| | 1.1.4. Промоција на регионот и на неговите конкурентски предности | Бизнис форум на текстилен кластер со делегација од Чешка република | Амбасада на Чешката република | 60.000,00 | Одржана 4 дневна посета и конференција помеѓу претставници од Чешката република и текстилен кластер од РСМ | Логистичка поддршка сала на МMЦ Киро Глигоров и локален транспорт |
| | | Конференција со аташеа на МНР делегирани во земјите со дипломатски претставништва на РС Македонија | Министерство за надворешни работи | 60.000,00 | Одржан 1 дневен бизнис форум | Логистичка поддршка сала на МMЦ Киро Глигоров |
| | | Изработка на ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ на општина Пехчево 2019 - 2022 год. | Општина Пехчево/УНДП | 2.000.000,00 | Изработен документ - УРБАНА РЕВИЗИЈА за општина Пехчево Набавен трактор со приклучна механизација за подобрување на комуналните услуги | ИНТЕГРИРАНИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ на општина Пехчево 2019 - 2022 год. е изработен во рамки на проектот „Подобрување на општинското владеење„ имплементиран од страна на УНДП со средства од ЕУ |
| | | Изградаба на леарница за одлеаноци од железо за автомобилската индустрија-Кранфилд фаундри со над 100 вработени | Приватна инвестиција -Руска | 1.230.000.000,00 | Современ капацитет . Извозно ориентиран, стопански развој | |
| | | Традиционална манифестација Бабина Баница | општина Македонска Каменица | | Одржување на традиционалните вредности. Презентација на специфични спрецијалитети за нашиот крај. | |
| | | Ден на дијаспората, манастирски комплекс Еленец | општина Македонска Каменица | | Традиционална средба со иселениците од М.каменица | Соработка со Здружение на Пензионери на М.Каменица |

| Приоритет | Мерка | Назив на проектот | Носител/ Партнер | Буџет | Резултати/ Индикатори | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.Искористување на расположливите ресурси и конкурентски предности за привлекување на инвеститори во регионот** | 1.1.4. Промоција на регионот и на неговите конкурентски предности | Каменичко културно лето | општина Македонска Каменица | | Културни содржини кои завршуваат со 28-ми Август - Ден на рударот. | Соработка со Рудник Саса и Културно информативен центар - Романса |
| | | Традиционална меѓугранична средба Руен | општина Македонска Каменица, ЕД Здравец 2002. | | Здружување и зближување на населението од пограничните населени места. | |
| **1.2.Развој на претприемништвото и на малиот бизнис во регионот** | 1.2.1. Поттикнување на приватната иницијатива и малиот бизнис | Поддршка за старт-ап бизниси за развој на еко туризам | ЦРИПР/ ПЗП-2/ СДЦ | 28.183,00 | Обука за изработка на бизнис план за 4 апликанти, 1 успешно подготвен бизнис план | |
| | | Базар на рачни ракотворби. | Асоцијција на бизнис жени. | | Презентирани можности за здружување, вмрежување, можности за финансирање , начини на промоција .Зголемена соработка на нашите ситни производители. | |
| | 1.2.3.Подигање на капацитетот на бизнисите за пристап до развојните фондови | Бизнис форум | Фонд за иновации и технолошки развој -АВРМ - Министерство за земјоделие шумарство и водостопанство | | Презентација на мерките и инструментите кои ги нуди Фондот.Запознавање на заинтересираните страни за можностите и пристапите до развојните фондови. | |
| **1.3. Транспорт, комуникации и просторно планирање** | 1.3.1. Реконструкција и градба на патната мрежа | Асфалтирање на повеќе улици во градот и населените места | Општина Кочани | 43.937.331,00 | Асфалтирани улици во вкупна должина од 3,1 км. | Кредит од МСИП 2 ( во тек е реализација) |
| | | Рехабилитација на десниот коловоз од булеварот Тодосија Паунов | Општина Кочани | 6.000.000,00 | Асфалтирана улица во должина од 778 м. | Грант од МСИП 2 |
| Број на парцела и објект | Површина на парцела | Max. површина на габарит м2 | Max. вкупна пов. по етажи м2 | Број на паркинг места | Вид на паркирање | Класа на намена | Max. висина до венец м´ | Спратност | Компатибилна класа на намена Б-30%, Г3 и Г4-49% | Понатамошна постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1.01 | 1,749.80 | 1,199.41 | 1199.41 | * | парц. | Е3 | 4.00 | П | / | Арх-урб. проект |
| 1.02 | 11,808.70 | 8,797.41 | 10556.89 | * | парц. | Г2 | 5,2/8,2 | П/П+1 | Б1;Г3;Г4 | Арх-урб. проект |
| 1.03 | 68.01 | 12.00 | / | * | / | Е2 | / | / | / | / |
| 1.04 | 2,069.97 | 1,030.92 | 2690.96 | * | парц. | Г2 | 5,2/8,2 | П/П+1 | Б1;Г3;Г4 | Арх-урб. проект |
| ***Вкупно:*** | **15,696.48** | **11,039.74** | **14447.26** | * | **/** | / | / | / | / | **/** |

**ТАБЕЛА**
**БЛОК 3 – ,,КУЧОВ РИД,, ЛУПД ПЕХЧЕВО**

| Број на парцела и објект | Површина на парцела М2 | Намена на градба | Катастарска парцела | Површинба на градба м2 | Бруто изградена површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност % | Максимална висина (м) Катност | Банкарска гаранција за сериозноста на понудата 100-500% денари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ГП1 | 32065 | Е2 Комунална супраструктура | 2492/2 | 288509 | 28859 | 90% | 0,9 | 5<br>П | 4.809.750,00 |

**ТАБЕЛА**
**БЛОК 5 – ДУП ПЕХЧЕВО**

| Број на парцела | Намена на градба | Број на катастарска парцела на Ко Пехчево | Максимална висина (м) катност | Површина на градежна парцела (м2) | Процент на изграденост/ коефициент на искористеност(% | Макс.дозволена површина | Бруто развиена пов. | Депозит за учество на јавно надавањее |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | А-1 инд. станбена зграда | КП.БР: 346/3 | 7/П+1+П | 394 | / | / | / | 6,000 |
| 3 | А-4 викенд куќа | КП.БР. 4112/4 | П+П | 252 | / | / | / | 6.000 |

**Б) Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање**

***Табела со следните информации:***

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастерските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**В) Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање**

***Табела со следните информации:***

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастерска парцела во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;

- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористенсот на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/ утврдена цена за годишна закупнина, и
- Времетраење на закупот.

**Г) Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

***Табела со следните информации:***
- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на грдежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастерската парцела во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Поцент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозвоелана висина;
- Катност;
- Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП);
- Заинтересирано правно лице (компанија);
- Предвидени услови за договор;

***3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма***

- **Дефинирање на целна група за одделни групи на градежни парцели**

- Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање на целната група на инвеститори т.е. претпоставување на заинтересираните страни за купување или изнајмување на одредени делови од градежното земјиште:
- Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни, а согласно урбанистичките планирања на општината за секој плански простор опфатен со урбанистичките планови.
- Заинтересираните страни се всушност потенцијални купувачи или изнајмувачи на државното градежно земјиште и идни инвеститори на објекти, односно предстваувaат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

  - **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

- Иденетификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање, за промовирање на понудата до заинтересираните страни, е преку разни медиуми, реклами, постери, јавни повици и слично, во звисност од расположливите ресурси на општината, во однос на постоењето на претходно наведените можности за маркетинг промовирање.

  - **Дефинирање на опфатот на трошоци поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**

- Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на грдежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната програма да се објавата во турнуси, према заинтересираноста на граѓаните.
- Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети. Динамиката на реализациј мора јасно да посочи кои градежни парцели ќе се објавуваат во кој турнус и кога би се реализирала објавата за тој турнус.

  - **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата**

- Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање т.е. промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината, а притоа запазувајќи го законскиот минимум на јавно огласување.
- Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

  - **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

- Од страна на општината е формирана комисија за продажба на градежното земјиште во државна сопственост која ќе ја спроведува целата постапка за отуѓување на земјиштето.

***4. Динамика на реализација на Програмата***

- **Редослед за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

- Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, се предвидува градежните парцели предвидени со оваа годишна Програма за отуѓување т. е. давање под закуп, да бидат во два турнуси, на повеќе локации (Пехчево и туристички локалитетРавна Река);
- Првиот турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во градежниот реон на Пехчево

- **Пропишување на условите за надавње**

- Определувањето на висината на депозитот за учество од мин. 10%, определување на интернет страница на која ќе се врши надавањето, одредувањето на условите за учество, и пропишувањето на други обврски или наведување на останати релевантни информации во врска со надавњето, ќе го врши комисијата за спроведување на отуѓувањето на грдежното земјиште во согласност со законските прописи од таа област.

- **Лица надлежни за реализација на Програмата**

- Формирана комисија за продажба на градежното земјиште од страна на општината, која ќе ја спроведува целата постапка за отуѓување на земјиштето, ќе биде наделжна за реализација на програмата.

***5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)***

- Проценката на финанансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна вредност за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет, и во согласност со правилникот со определени цени на градежното земјиште по зони, излезен во службен весник на Република Македонија, а издаден од Министерството за транспорт и врски.

***6. Процена на финансиски средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)***

- Финансиските средства потребни за реализација на програмите се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следниве ативности:

1. Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
2. Трошоци по основ на експропријација;
3. Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лива, и
4. Трошоци за промовирање, односно рекламирање на грдежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање во закуп на грдежното земјиште.

***7. Преодни и завршни одредби***

- Програмата ја усвојува Советот на општина Пехчево;
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува;

- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината;
- Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-524/2
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усогласување на намените на УДНМ за село Робово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 1855, КО Робово вон-село, по барање на Мијалков Ванчо од Робово**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усогласување на намените на УДНМ за село Робово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 1855, КО Робово вон-село, по барање на Мијалков Ванчо од Робово, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/10
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11 и 155/1272/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 17/15,31/16, 190/17), член 22 ст.1 т.1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), и член 30, став 5, од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на О.Пехчево" 06/2016 и 05/2019), Советот на Општина Пехчево, на 29-та седница одржана на ден 05.05.2020 год, донесува:

**О Д Л У К А**
**За усогласување на намените на УДНМ за село Робово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 1855, КО Робово вон-село, по барање на Мијалков Ванчо од Робово**

Член 1

Се дава Согласност за усогласување на намените на УДНМ за сео Робово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот со утврдување на планскиот опфат за Г-4 стовариштеза складирање на стока на отворен и затворен простор, по барање на Мијалков Ванчо од Робово, со следната катастарска парцела;

**- за КП КП 1855, КО Робово вон-село.**

Член 2

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува оделението за урбанизам да изготви проектна задача на барателот Мијалков Ванчо од Робово, и го задолжи да за дефинираниот опфат изработи ЛУПД (Локална Урбанистичка Планска Документција), со намена Г-4 стовариште, и објектите кои ги исполнуваат условите согласно закон, со утврдувањето на правен статус на бесправно изграден објекти, бидат вклопени во истиот.

Член 3

Финансирањето на изработка на планската документација за вклопување на објектите во урбанистичката документација, ќе биде на товар на барателот, на заинтересираното физичко или

правно лице, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, **со изработка на ЛУПД за вклопување на објектите во урбанистичката документација,** согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Пехчево.

Бр.08-525/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за уплата на членарина на Здружение за рурален развој - Локална акциона група Малеш - Пијанец за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за уплата на членарина на Здружение за рурален развој - Локална акциона група Малеш - Пијанец за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/11 Градоначалник на
05.05.2020 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр 5/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за уплата на членарина на Здружение за рурален развој – Локална акциона група Малеш - Пијанец за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на градоначалникот на општина Пехчево да изврши уплата на членарина на Здружение за рурален развој – Локална акциона група Малеш - Пијанец за 2020 година.

**Член 2**

Износот на членарината е утврден со одлука на УО на Здружението за рурален развој - Локална акциона група Малеш - Пијанец и изнесува 2 денари по глава на жител, согласно податоците од пописот во 2002 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-526/1 Совет на општина Пехчево
05.05.2020 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на одлука за усвојување на регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/12
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр 5/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година донесе:

## ОДЛУКА
**за усвојување на регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025**

### Член 1
Советот на општина Пехчево го усвојува регионалниот план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025.

### Член 2
Регионалниот план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025, е составен дел на оваа одлука.

### Член 3
Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-527/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/13 Градоначалник на
05.05.2020 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18) и член 30 став 1 точка 15 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.06/2016, 05/2019 Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА - Ј7**

**за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година**

Вовед

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитените подрачја и спортско-рекреативните центри и уредување на нови зелени површини, како и начинот на нивно финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларни прегледи, опфатени со Годишната програма за работа на извршителот на програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкција на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

**Организација на одржување на јавното зеленило**

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардите и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на градот Пехчево и одржување на јавно зеленило во вонградски појас.

1. Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Пехчево се врши постојано.

**1. Парковски зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен интерес се:**

- на влезот на Пехчево кај триаголникот после бензинската пумпа на „Макпетрол„ под патот..................................................................................................................5500 м$^2$
- влезот на Пехчево кај триаголникот после бензинската пумпа на „Макпетрол„ над патот..................................................................................................................1600 м$^2$
- ..............................парк пред Општинската зграда на Пехчево и зградата на „Партизан„........................460 м$^2$

- Зелените површини спроти раскрсницата на булеваротˏˏРавенˏˏ со ул.ˏˏИндустрискаˏˏ
- ........................................................................................................................................ 600 $м^2$
- Зелените површини спроти раскрсницата на булеварот ˏˏРавенˏˏ со ул. ˏˏИлинденскаˏˏ.................................................................................................... 2100 $м^2$
- Плоштад ˏˏ Свети Петар и Павлеˏˏ..........................................................................................150 $м^2$
- Паркова зелена површина до здравен дом Пехчево ................................................... 2 660 $м^2$
- Паркова зелена површина пред црквата ˏˏСвети Петар и Павлеˏˏ....................................400 $м^2$
- Паркова зелена површина пред Стопанска банка, Пешан и Пошта................................280 $м^2$
- Паркова зелена површина помеѓу ООУˏˏВанчо Китановскиˏˏ и ОЈУД ˏˏ7септемвриˏˏ ........................................................................................................................................480$м^2$
- Парк ˏˏЕзерцеˏˏ ............................................................................................................4980$м^2$
- Паркова зелена површина над гратското пазариште ....................................................1300 $м^2$
- Зеленило по останатите улици во Пехчево.................................................................. 2600 $м^2$
- Парк наспроти здравниот дом ..........................................................................2680$м^2$

**ВКУПНО ............... ........................................................................................ 27.590 $м^2$**

**2. Други зелени површини**

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- Туристичко - рекреативен центарˏˏРавна Рекаˏˏ ....................................................... 6500 $м^2$
- Зелен појас од Пехчево до туристичкиот локалитет ˏˏРавна Рекаˏˏ од двете страни на патот ........................................................................................................................12000 $м^2$
- Зелена површина околу археолошкиот локалитет ˏˏСвета Петкаˏˏ .......................... 1230 $м^2$

**ВКУПНО ...........................................................................................19730** $м^2$

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО

| Ред. број | Вид операција | Единица мера | количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | $м^2$ | 47.320 | 11 |
| 2 | Садење на сезонски цвеќиња | бр. | 200 | 2 |
| 3 | Окопување на грмушки | бр. | 20 | 1 |
| 4 | Кроење на дрвореди,оформување на крошни и украсни грмушки и нивно негување | бр. | 40 | 2 |
| 5 | Окопување на цвеќиња(ружи) | бр. | 30 | 4 |
| 6 | Чистење на зел. површини од листови и др. | $м^2$ | 50.000 | 5 |
| 7 | Залевање на зелени површини | $м^2$ | 50.000 | 60 |
| 8 | Одржување на дрвореди | бр. | 40 | 2 |

## ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ОПЕРАЦИИ-КАЛЕНДАРСКИ

| ред бр. | Работни операции по месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Вкупно опер. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | | | | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | | | | 9 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Припрема за цветни површини | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 4 | Садење на сезонски цвеќиња | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 3 |
| 6 | Окопување на грмушки | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 7 | Кроење на дрвореди оформување на крошни со украсни грмушки и нивно негување | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 2 |
| 8 | Окопување на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | | | 3 |
| 9 | Кроење на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | | | | | | 1 | | | 2 |
| 10 | Чистење на зелени површини од листови идр. | | | | 1 | | | | | | 2 | 2 | | 5 |
| 11 | Залевање на зелени површини | | | | | 5 | 6 | 7 | 8 | 5 | | | | 31 |

## ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

ЈПК„Комуналец" Пехчево изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастерски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Пехчево покрај ЈКП„Комуналец" може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

## НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Одлуката за комунален ред на општина Пехчево врши Одделението за урбанизам, комуналии работи, заштита на животната средина и ЛЕР при општина Пехчево.

Инспекциски надзор согласно Одлуката за комунален ред врши општинскиот комунален инспектор.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Пехчево, Програма каде што се предвидени средства во висина од 300.000,00 денари.

Делот за подигање и реконстуирање на јавни зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2020 година.

Цените за работите околу одржувањето, подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈП„Комуналец„ Пехчево се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пехчево".

Изработил: Општински комунален инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.08-528/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2020 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2020 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/14
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ" бр. 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и член 30, став 1 точка 14 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево" бр. 06/2016, 05/2019) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2020година**

**I. Општи одредби**

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Пехчево за 2020 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, динамика, начин на вршење на работите, одржување на постоечките и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите од Законот на јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување. Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на општината ќе го врши ЈКП,,Комуналец,, Пехчево.

**II. Вид, обем, динамика и начин на извршување на работите**

• Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини секој работен ден ќе се врши на:
- градскиот плоштад , улиците и тротоарите во централното градско подрачје.

• Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини еднаш неделно ќе се врши на:
- булеварот ,,Равен,, ул. ,,Јулија Веселинска“, ул.,,Индустриска“ до раскрсницата пред Полициската станица и влезот на колективните згради бр. 6 и бр.47 на ул. ,,Равен;
- кејот на реката Писа (коритото, ѕидовите и кејското шеталиште во градско подрачје од мостот на ул. ,, 18 август “до китанскиот мост ;
- спортските терени во градот Пехчево и игралиштето кај ООУ,,Ванчо Китанов,, ;
- градското пазариште – (понеделник попладне);
- отворениот простор пред зградата на Стопанска банка, поштата и општината ;
- туристичкиот локалитет ,,Равна Река,, - Пехчево .
• Одржување на јавната чистота со метење, косење, собирање на откосената трева, кастрење на гранки во парковите на јавните површини континуирано ќе се врши на:
- останатите улици и тротоари во Пехчево ;
- парковите и зеленилото по тротоарите на сите улици во Пехчево и тоа: на патот Берово – Пехчево веднаш после бензинската пумапа на ,,Макпетрол,, паркот под патот кај триаголникот, зеленилото на влезот во Пехчево над патот кај триаголникот , паркот на влезот покрај булеварот ,,Равен“ и уличните тревници на булеварот, зеленилото помеѓу ул. ,,Гоце Делчев,, и ул. ,,Илинденска,, , паркот кај ЈЗУ Здравен дом, зеленилото над градскиот пазар; пред маркетот на ,,КИТ – ГО,, во Пехчево, тревниците на плоштадот, тревникот пред црквата ,,Свети Петар и Павле – континуирано.
• одржување на јавна чистота на паркингот на ул.,,7ми септември“, скалилата што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалиштето пред плоштадот .
• градските гробишта ;
• паркот ,,Езерце,,;
• сите тротоарски тревници во Пехчево;
ЈПК ,,Комуналец,, е должен да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови на улиците во Пехчево и главните улици по селските населби.
Чистењето на јавните и сообраќајните површини ќе се извршува преку ден.
Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во центарот со миење ќе се врши во летниот период еден ден во неделата, а во зимскиот период по потреба.
Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно во летниот период, а во зимскиот период по потреба.
Во останатите делови од градот, јавните површини ќе се мијат по потреба.
Миењето на јавни и сообраќајни површини ќе се извршува ноќе или во часовите кога фрекфенцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална (од 16,30 до 18 часот и од 04 до 06 часот).

**III. Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини се поставени нови садови – контејнери за селетирање на стакло, хартија и платика кои треба редовно (континуирано) да се празнат и поставени се нови контејнери за останатиот отпад.
Одржувањето на јавните санитарни јазли во близина на градското пазариште е во надлежност на ЈКП“Комуналец,,.
Со програмата се планира да се изградат нови санитарни јазли на локалитетот ,,Езерце,, на пазарот и да се изврши реконструкција на санитарните јазли на игралиштето во туристичкиот локалитет ,,Равна Река,, - Пехчево.

**IV. Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Пехчево изнесуваат 500.000,00 денари.

Дел од средствата за одржување на јавна чистота предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместокот за јавна чистота во општина  Пехчево.

**V. Надзор над извршувањето на Програмата**

Надзорот над извршувањето на Програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежниот орган во општината – Одделението за  урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР во општина  Пехчево.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота го врши Овластениот комунален инспектор на општина  Пехчево.

Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно  Одлуката за јавна чистота на општина Пехчево  ја вршат комуналните редари на општина Пехчево.

**VI .Завршни одредби**

Програмата за одржување на јавна чистота на општина Пехчево за 2020 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина  Пехчево“.

Иработил: Општински комунален  инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.08-529/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок по доставено барање од ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок по доставено барање од ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/15
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр 5/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.05.2020 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**По доставено барање од ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево на 29-та седница одржана на 05.05.2020 година **не дава** согласност да се промени дозволата за зафаќање и користење на вода од Пехчевска и Љутачка река за водоснабдување на градот Пехчево и населените места Негрево, Чифлик, Умлена и Робово.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-530/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за донесување на Урбанистички план за село Чифлико, општина Пехчево плански период 2016 – 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Урбанистички план за село Чифлико, општина Пехчево плански период 2016 – 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/16<br>05.05.2020 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 05.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Урбанистички план за село Чифлико, општина Пехчево плански период 2016 – 2026 година**

Член 1

Со оваа одлука се донесува Урбанистички план за село Чифлик КО Чифлик општина Пехчево плански период 2016-2026 г., со Тех. бр. 54/2017 од јануари 2020, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје.

Член 2

Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог, и претставена описно:
На **север** границата на планскиот опфат се движи по КП 2517, КП 2515, КП 2516, КП 2518/2, КП 2502/1, КП 2514, КП 2506, КП 2507, КП 2508/1, КП 2504, КП 2503, КП 2501, КП 573, КП 2509, КП 571/2, КП 579, КП 580, КП 581/1, КП 2511, КП 605/1, 2624, КП 2623, КП 2625, КП 2626, КП 2628, КП 2619, КП 2621 КП 2618, КП 2620, КП 2617, КП 2616, КП 2615/1, КП 2615/2, КП 2559, КП 2560, КП 2562, КП 2555, КП 2557/1, КП 2556, КП 2551/1, КП 2549, КП 2550/1, почнувајќи од точката 1.

На **исток** границата започнува да се движи КП 2528/2, КП 2530, КП 2532, КП 616, КП 615, КП 653/2, КП 649, КП 2587, КП 647, КП 630/1, КП 630/2, КП 630/3, КП 2664, КП 2668, КП 2670/2, КП 2669, КП 2666, КП 2665, КП 2784, КП 2787, КП 2788.

На **југ** границата а се движи по КП 2588, КП 2790, КП 2789, КП 2793, КП 2676, КП 2792/1, КП 2792/2, КП 2804, КП 2803/1, КП 2803/2, КП 2798/1, 1098/1, КП 2002, КП 1246, КП 1245, КП 1247, КП 1248, КП 1249/2, КП 1250, КП 1254, КП 1260, КП 1259, КП 1988/1, КП 1272, КП 1271/1, КП 1270, КП 1269, КП 1268/1, КП 1568, КП 1567, КП 2629, КП 2743, КП 2742/4, КП 2737, КП 2739.

На **запад** границата се движи КП 2728, КП 2588, КП 2727, КП 2726, КП 2622.

Опфатот е со површина од 27,63.ха

Член 3

Со планот се утврдени следните класи на намени:

**А – ДОМУВАЊЕ**

**А1 –** Домување во станбени куќи

**В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

**В1 –** Образование (Основно училиште)
**В3 –** Култура(Дом на култура)
**В5 –** Верски институции (Црква)

**Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА**

**Д2 –** Заштитно зеленило

**Е - ИНФРАСТРУКТУРА**

**Е1 –** Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
**Е2 –**Комунална супраструктура (Трафостаница)

Член 4

Урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука содржи:
- Документациона основа - текстуален и графички дел;
- Планска документација - текстуален и графички дел.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-531/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на Урбана ревизија на опшина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Урбана ревизија на опшина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и деветта седница одржана на ден 05.05.2020 година.

Бр. 09-534/17
05.05.2020 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.06/16 и 05/19), Советот на Општина Пехчево на седница одржана на 05.05.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Урбана ревизија на опшина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Урбаната ревизија на општина Пехчево изработена за потребите на општината и Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2), односно за рамки на процедурата за добивање на Грант средства наменети за сиромашни области/социјална вклученост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-532/1
05.05.2020 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2020 година ____ 3;
2. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година ____ 5;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2019 година ____ 10;
4. Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2019 година ____ 38;
5. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година ____ 73;
6. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово ____ 86;
7. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Пехчево за 2019 година ____ 88;
8. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година ____ 111;
9. Одлука за усогласување на намените на УДНМ за село Робово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 1855, КО Робово вон-село, по барање на Мијалков Ванчо од Робово ____ 135;
10. Одлука за уплата на членарина на Здружение за рурален развој - Локална акциона група Малеш - Пијанец за 2020 година ____ 137;
11. Одлука за усвојување на регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025 ____ 138;
12. Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2020 година ____ 139;
13. Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево за 2020 година ____ 143;
14. Заклучок по доставено барање од ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ____ 146;
15. Одлука за донесување на Урбанистички план за село Чифлико, општина Пехчево плански период 2016 – 2026 година ____ 147;
16. Одлука за усвојување на Урбана ревизија на опшина Пехчево ____ 149;